# СЛОБОДАН ЖИВКОВСКИ






Transborders

# Трансбордерс

Да се повлече линија од човечката пра-историја до денес, значи да се нацрта кардиограм на планетарните цивилизации.
Линија, како пештерски запис, писмо, пиктограм, формула, симбол, тотем, скица, објаснување, стрип, графит, проект, патоказ, верба, интуиција, асоцијација, емоција...
Дали линијата е дефиниција на умот или на реалноста, прикажана на искрен, едноставен или комплексен начин?
Што и како треба да се дефинира - дали дефинициите околу нас или дефинициите во нас?
Дали фантазијата е вградена, интуитивна, космичка програма во секого од нас?
Каде почнува и завршува линијата - од умот до делото или од делата околу нас до умот?
Линеарно заробената реалност на личното време или бесконечното време во нас?
Дали линијата е граница на формите или граница на умот?
Дали формата е транзиторна граница на енергијата во времето?
Од која страна на линијата (границата) лежи реалноста (вистината)?
Дали вистината има свое лице или ние сме едно од многуте лица на вистината?
Колку граници има вистината или ние сме (не)ограничена вистина во времето?
Дали ние го избираме предизвикот или предизвикот е тој, што не избира нас?
Дали ние ја позиционираме границата или таа не позиционира нас?
Не можам да најдам одговор, но можам да бидам (не)ограничено љубопитен и да цртам.
Љубо-питен (за следни прашања-потраги) и љуб-опитен (за сеуште неосвоени обиди).

Слободан Живковски

# Transborders

To draw a line from the human prehistory until nowadays – is to delineate a cardiogram of planetary civilizations.
Line, as a cave inscription, letter, pictogram, formula, symbol, totem, sketch, explanation, SF comic, graffiti, project, guide mark, faith, intuition, association, emotion ...
Is the line a definition of a mind, or definition of a reality, reffered faithfully, simply or in a complex way?
What and which way should be defined – the definitions outside of us or the definitions inside of us?
Is the imagination inclusive, intuitive, cosmic programme inside each of us?
Where does the line begin and end – from the mind until the work or from the works around us until the mind?
Linearly captured reality of the personal Time or the unlimited Time inside us?
Is the line border of the forms or border of the mind?
Is the form transitory border of energy in the time?
Which side of the line (border) takes the reality (truth)?
Has truth got its own face or we are rather one of the multiplied faces of truth?
How many borders does the truth got or we are (un)limited truth in the time?
Do we choose the challenge or the challenge is the one, choosing us?
Do we posit the border or the border rather posits us?
I can't find the answers, but I could be (un)limitedly curious and draw!
Curious (for further search) as well as curious (for the still unconquered questions)

Prevod : Elizabeta Sheleva





ГАЛЕРИЈА 8

МАРТ 2012

SLOZIART@YAHOO.COM